Работилница: ТЕРАПЕВТСКИОТ СЕЛФ ВО СОВРЕМЕНОТО ВРЕМЕ НА ПРЕДИЗВИЦИ

Водители: Деспина Сојановска, Габријела Бошков, Натка Пачоска, Вида Гаврилоска Бубалова, Тина Дамевска

Институт за брак семејство и системска пракса АЛТЕРНАТИВА

Апстракт

Терапевтите се дел од општеството кое постојано се менува, секојдневно поставува нови прашања кои носат свои предизвици и на кои не е секогаш лесно да се одговори. Поканети сме, како личности и како стручни лица, да реконструираме и редефинираме некои реалности во кои сме растеле, а притоа да даваме одговори на нови. За да го постигнеме тоа, неопходно е да се вклучиме со нашите внатрешни ресурси, нашите верувања, нашите вредности, нашите ограничувања и нашите недостатоци. За современиот свет потребни се терапевти, кои можеби ги немаат сите одговори, но се способни да обезбедат безбеден и грижлив простор за своите клиенти, а со тоа и да ги придружуваат на патувањето кон промените. Во овој контекст, останува да се види како се третираат егзистенцијалните прашања на терапевтот, отворајќи го нивниот пат кон интеграција со актуелните промени.

На оваа работилница учесниците ќе имаат можност да ги чујат, видат и запознаат своите внатрешни сегменти и да пристапат кон интеграција со цел да се создаде стабилна рамкаво својот приветен и професионален живот. Интерактивниот пристап на работилницата и проективните техники кои ќе се користат, се очекува да придонесат кон согледување и јакнење на терапевтскиот селф.